Врз основа на член 29 и член 30, а во врска со член 38 од Законот за културата ("Службен весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13 44/14, 61/2015, 154/2015, 39/2016 и 11/2018) и член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), а во врска со објавениот Јавен оглас бр. 08-1707/1 за избор на директор на Јавна Општинска Установа Работнички универзитет „Кирил и Методија" Гевгелија, Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесе

# ОДЛУКА
## За избор на директор на Јавна општинска установа Работнички универзитет „Кирил и Методија" Гевгелија

1. За директор на Јавна Општинска Установа Работнички универзитет „Кирил и Методија" Гевгелија, **се избира кандидатот Љубица Ивановска од с. Миравци, Гевгелија.**
2. Избраниот кандидат од точка 1 ги има сите права и обврски предвидени со актите на Јавна Општинска Установа Работнички универзитет „Кирил и Методија" Гевгелија, Законот за култура и другите законски прописи.
3. Оваа Одлука ќе се достави до избраниот кандидат, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

## Образложение

Градоначалникот на Општина Гевгелија, објави јавен оглас бр.08-1707/1 за избор на директор на Јавна општинска установа Работнички универзитет „Кирил и Методија" Гевгелија, во дневните весници „Вечер, „Слободен печат" и „Коха".

Комисијата за разгледување на документи и изготвување предлог за избор на директор на Јавна Општинска Установа Работнички универзитет „Кирил и Методија" Гевгелија, формирана со Решение на Градоначалникот, бр. 08-1804/1 од 30.11.2020 година, на ден 1.12.2020 година спроведе административна селекција на веродостојност на доставените податоци и доказите доставени од пријавените кандидати во врска со јавниот оглас, со записник бр. 08-1707/2 од 1.12.2020 година. На ден 7.12.2020 година се спроведе интервју со единствениот уреден кандидат, со записник бр. 08-1707/3 од 7.12.2020 година.

По спроведената постапка, комисијата изготви Финална ранг-листа и предлог за избор бр. 08-1707/4 од 9.12.2020 година.

Врз основа на горенаведеното, по разгледување на приложената Финална ранг листа и предлог за избор, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Против оваа Одлука, незадоволниот кандидат има право во рок од 15 (петнаесет) дена да поднесе жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр.08-1707/6
10.12.2020 година
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија

***М-р Сашо Поцков***